Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

| Примено: 19.02.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 207 | /1 | |


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509


08-175/6
15.02.2021 год.-viti

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус магистерски академски студии (60 ЕКТС) по „Прехрамбена технологија и биотехнологија" на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски академски студии (60 ЕКТС) по „Прехрамбена технологија и биотехнологија" на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.1409-274/8 од 23.09.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр.02-1121/1 од 15.10.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-175/1 од 15.10.2020 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски академски студии (60 ЕКТС) по „Прехрамбена технологија и биотехнологија" на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-175/2 од 04.02.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 08.02.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-175/4 од 11.02.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус магистерски академски студии (60 ЕКТС) по „Прехрамбена технологија и биотехнологија" на Технолошко - металуршки факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ Скопје
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË - Shkup

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска